Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

[redacted]

Архивски бр. 11-1355/1

Дата: 06.02.2012


Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


До:Тим за преговори со Макстил АД-Скопје

Предмет: Записник од втор состанок за преговори со Макстил АД-Скопје

## ЗАПИСНИК бр.2

Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и Макстил АД-Скопје.
Втор состанок, одржан на 14.12.2011 год во просториите на МЖСПП, со почеток во 13.00 часот.

Присутни:
**Тим за преговарање на МЖСПП:**
- Филип Иванов, Директор на Управата за животна средина при МЖСПП;
- Фирус Мемед, Директор на Државен инспектор за животна средина;
- Назим Алити, раководител на Оделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето;
- Димитар Младеновски, советник за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (Пишувач на дозволата)
- Ана Каранфилова Мазневска, Раководител во сектор за управување со отпад;
- Маријонка Виларова, помошник раководител на Македонски информативен центар за животна средина;
- Ирена Николоска, советник за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (записничар)

**Тим за преговарање на Макстил АД-Скопје:**
- Нове Георгиевски, Пом. Ген. Директор за заштита, екологија и осигурување;
- Љупчо Алтипармаков, Пом. Ген. Директор за унапредување на производство и развој;
- Елена Ивановска-Видинова, инженер за екологија;

**Претставник од Општина Гази Баба:**
- Александра Аврамовска, инспектор за животна средина;

Вториот состанок на тимовите за преговори го отвори Назим Алити, раководител на Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Управата за животна средина при МЖСПП. Изложено беше дека записникот од првиот состанок бил уредно испратен на тимовите за преговори и потпишан од нивна страна, со што се констатираше дека записникот е усвоен. Потоа беше предложено да се разгледаат точките на активност предвидени од оперативниот план:

**1. Точка 9.1.1.1 Имплементација на ИСО 14001**
- Воведување на стандард ISO 14001 со политика за животна средина и одговорност;

Нове Георгиевски, се произнесе дека Макстил АД - Скопје ќе го имплементира ISO 14001, но нема да го сертифицира. Од нивна страна се изготвени упатствата, и планираат да повикаат екстерен проверувач.

Филип Иванов, праша за кога се предвидува датата за реализирање на оваа активност.

Нове Георгиевски, 01.02.2012 година е датумот кога се предвидува реализирање на оваа активност.

Димитар Младеновски, укажа дека со ова ја заклучуваме оваа точка.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**2. Точка 9.1.1.2 Испитување на подземни води**

- Детално хидрогеолошко испитување со испитување на минерални масла и тешки метали во подземните води;
- Правење на бушотини за испитување на подземната вода ( поставување на пиезометри)

Димитар Младеновски посочи дека од страна на МЖСПП е изготвен допис со кој се известуваат релевантните компании за обврската која ја имаат за испитување на подземните води.Исто така нагласи дека досега официјален одговор по однос на известувањето нема добиено.

Нове Георгиевски, кажа дека од страна на претставниците на Макстил АД – Скопје е контактирано со компаниите надлежни за оваа активност и е доставено писмо со информација за обврската за реализирање на оваа активност.Од страна на Скопски легури и РЖ Услуги е потврдено а од страна на Миттал Стеел е посочено дека од нивна страна е побаран состанок со Управата за животна средина при МЖСПП а во однос на реализирање на активноста не се произнесле.

Филип Иванов, посочи дека од страна на Миттал Стеел е побаран состанок, но исто така посочи дека треба да се свика состанок во кој ќе земат учество сите 4 компании. Притоа нагласувајќи дека ова е заеднички проблем и треба заеднички да се пристапи кон негово реализирање.

Димитар Младеновски, праша дали имаат писмен документ за проектирана задача.

Нове Георгиевски, кажа дека имаат проектна задача уште од 2008 година.

Од страна на претставниците на МЖСПП беше побарано да се достави таа проектна задача со што би имале увид на техничкиот дел. Од страна на претставниците на Макстил АД – Скопје беше кажано дека ќе се достави во најкус рок.

Филип Иванов, посочи дека надлежноста на Министерството не е која компанијка ќе ја реализира оваа активност, но притоа треба да се води сметка таа компанија да биде акредитирана за таа дејност .

Димитар Младеновски, кажа дека со ова, оваа активност ќе остане отворена се додека не се добие целокупната потребна документација.

**3. Точка 9.1.1.3 Изградба на складиште за филтерска прашина и изнаоѓање на решение за нејзино рециклирање**
**Точка 9.1.1.4Спроведување на мониторинг на сите емисиони точки**
**Точка 9.1.1.7 Инсталирање на постројка за прифаќање на секундарни емисии од ЕЛП, КП и систем за додатоци**

Филип Иванов, генерализираше дека за сите точки може да се дискутира и има можност за флексибилност, но емисиите во воздух се оние спорните и за нив мора да се завземе конкретен став за најбрз можен рок за реализирање на оваа активност. Исто така нагласи дека се сосема некоректни изјавите од страна на Макстил АД – Скопје со датуми 2017

година за реализирање на активноста, и дека МЖСПП нема законска основа со која би се дал датум после април 2014 година.

Нове Георгиевски, кажа дека оваа авктивност е приоритет на инаталацијата и најбрзиот можен рок за реализирање е Октомври 2014 година.

Филип Иванов, побара да се достават податоци за параметрите за кои ќе се димензионираат филтрите.

Димитар Младеновски, посочи дека при проектирањето на филтрите треба да се има податоци за влезните параметри, температура, проток секако и фугитивната емисија и да се проектира за параметри кои се пропишани во дозволата, а се во рамки со законската регулатива.

Филип Иванов, праша дели имаат пресметки која количина на фугитивна прашина ќе треба да се зафаќа на годишно ниво.

Љупчо Алтипармаков, кажа дека реалното количество на фугитивна прашина зависи од производството, притоа посочувајќи дека имаат пресметки за 700 илјади тони (проектиран капацитет) но реално оваа година имаат 300 илјади тони производство, со пресметки дека 2012 година ке биде уште помало (290 илјади тони).

Филип Иванов, посочи дека во услови кога нема зафаќање на фугитивната прашина, мора да се има пресметка за количеството на фугитивна прашина.

Љупчо Алтипармаков, појасни дека во моментов инсталацијата врши зафаќање на примарната прашина, додека целосно зафаќање на прашината се предвидува со реализација на активноста од оперативниот план Октомври 2014 година. Со предвидената проектна задача предвидено е 20 mg/Nm$^3$ прашина на оџак, 10 mg/Nm$^3$ прашина во работна средина и 1 ng/Nm$^3$ диоксини и фурани, ова се прараметри кои се зададени според актуелните БАТ (BREF). Градежните дејности би се изведувале лето 2012 и 2013, а целосна реализација Октомври 2014 година. Исто така со пилот проектната задача имаат предвидено решенија, доколку идните закони бараат построги мерки. Посочи дека ќе се врши автоматски мониторинг и праша во која форма треба да се достават извештаите до Министерството.

Од страна на претставниците на МЖСПП беше кажано дека согласно законот средно дневни податоците се доставуваат еднаш месечно.

Филип Иванов, побара да се достави план со конкретни рокови за реализирање на секоја фаза од оваа активност, за да може Министерството да излезе пред јавноста дека инсталацијата презема мерки од оваа активност, а не константно да се одложува реализирањето на оваа активност.

Беше конкретизирано до 25 Јануари 2012 година да се информира за изборот на компанија и идејното техничко решение, овој датум беше прифатен и од претставниците на Макстил АД – Скопје . Додека за финансиското решение беше решено во рок од 3 месеци од денот на одржување на вториот состанок на преговори да се приложи одлука за финансиско решение со кое ќе се инвестира во идејното решение.Доколку нема одлука МЖСПП ќе смета дека не се планира да се инвестира во животната средина и за тоа ќе преземат конкретни мерки.

Побаран беше и динамички план по фази по кој МЖСПП ќе се информира и контролира.

Филип Иванов, посочи дека претставниците на МЖСПП според Законот за Животна средина можат да дозволат рокови за активностите по оперативниот план до Април 2014 година но не и по овој период. Нагласи дека инсталацијата треба да побара и други понудувачи и решенија со што би ја испитале и можноста за реализирање на оваа активност во законскиот рок.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Љупчо Алтипармаков, посочи дека побрзо реализирање на оваа активност бара затварање на производство на подолг период, што пак предизвикува големи финансиски оптеретувања како на вработените, така и на инсталацијата.Исто така посочи за можноста за кофинансирање од фондови која е пракса во некои Европски Држави.

Филип Иванов, укажа на фактот дека МЖСПП засега не пристапува кон наплаќање на надоместоци за загадување. Доколку овие надоместоци се реализираат во тој случај би имало можност за партиципирање во такви фондови, притоа нагласувајќи дека тие пари се од фирмите загадувачи за инвестиции од областа на животната средина.

Димитар Младеновски, праша која е причината за активноста Изградба на складиште за филтерска прашина да се чека 2014 кога независно од другите активности може да се пристапи кон реализирање.

Нове Георгиевски, оваа активност е како зедничка и заради техничко решение но и заради финансиски апликации.

Ана Каранфилова Мазневска, праша што се правии со оваа прашина. На што и беше одговорено дека има зафаќање на примарната прашина и истата се продава.

Фирус Мемед, праша за можни решенија за намалување на прашината со намалување на температурата во електро печка при шаржирање.

На ова прашање беше одговорено дека технолошкиот процес не го дозволува тоа.

Фирус Мемед, исто така праша за матријалниот биланс кој бил побаран од страна на инспекторатот за Животна средина. Посочувајќи дека податоците кои им биле доставени се застарени, и дека потребни се податоци од тековнава година.

Елена Ивановска-Видинова, кажа дека постари податоци доставиле зошто во моментот тие им биле изготвени и дека на денешниот состанок донеле податоци за матријален биланс за месец Ноември 2011 година.

Филип Иванов, посочи дека проблемот со фугитивната прашина е алармантен и дека се има чуство дека постојано се одложува можното решение за нејзино намалување, што пак го зголемува револтот кај населението. Побара да се направат пресметки за количеството на фугитивна прашина.

Маријонка Виларова, кажа дека според законот за оваа индустрија фугитивната прашина е забранета, и според тоа нема емисион фактор за оваа индустрија со кој би се извршила пресметка на количеството на фугитивна прашина. Но со споредбени пресметки користејќи емисионен фактор од областа на енергетиката може да се направат пресметки со кои би можеле да имаме увид на количеството на фугитивна прашина која се емитува во атмосверата.

Како заклучок беше решено во прва недела од март 2012 година од страна на Макстил АД – Скопје да се достави комплетен извештај за оваа активност од оперативен план, како со техничко така и со финансиско решение,одлука од управен орган и план на фазна реализација. Посебно беше нагласено дека Април 2014 година е крајниот рок кој може да го даде Министерството за Животна средина за реализирање на активностите по оперативниот план.

За нареден состанок беше решено да се одржи во Јануари 2012 година, и во наредните состаноци ќе се одземе од дискусија оваа активност се со цел да се заземе конкретен став за останатите точки од оперативниот план.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Записничар:
Ирена Николоска

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Потпишување на учесниците на преговорите:

1. Филип Иванов ____________________
2. Фирус Мемед ____________________
3. Назим Алити ____________________
4. Димитар Младеновски ____________________
5. Ана Каранфилова Мазневска ____________________
6. Маријонка Виларова ____________________
7. Ирена Николоска____________________
8. Нове Георгиевски ____________________
9. Љупчо Алтипармаков ____________________
10. Елена Ивановска-Видинова ____________________
11. Александра Аврамовска ____________________